ПРИВАТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА
ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА
„ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ“

# БИЛТЕН

НА ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
ISSN 2955-2486

Heidelberg
FACULTY OF SKOPJE

СКОПЈЕ, 2025 година

Издавач: Приватна високообразовна установа Висока стручна школа
„Хајделберг факултет во Скопје“
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Синиша Наумоски
Уредник на продукција: м-р Тања Н. Тренески
Техничко уредување: м-р Даниела Стефаноска

## СОДРЖИНА

**Страна**

РЕФЕРАТ за избор на наставник во звање предавач од научно поле Економија и бизнис и научна област Менаџмент и бизнис и Друго (Менаџмент за човечки ресурси) ........ 4

РЕФЕРАТ за избор на наставник во звање предавач од научно поле Економија и бизнис и научна област Друго (Бизнис администрација) ........ 7

РЕФЕРАТ за избор на наставник во наставно звање предавач од научно поле Други општествени науки и научни области Приватна и корпоративна безбедност, Интегрална безбедност, Меѓународна безбедност, Безбедносен менаџмент, Менаџирање на ризици и Друго (Кибер безбедност) ........ 10

РЕФЕРАТ за избор на наставник во научно звање предавач однаучно поле Економија и бизнис и научна област Економија, Менаџмент и бизнис и Финансии........ 16

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ ВО ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС И ДРУГО (МЕНАЏМЕНТ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ) НА ПРИВАТНАТА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА – ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА “ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ”

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа “ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ“, Рецензионата комисија на седница одржана на 03.01.2025 година, по пријавата на м-р Билјана Санев за избор во наставно звање ПРЕДАВАЧ од научно поле Економија и бизнис и научна област Менаџмент и бизнис и Друго (Менаџмент за човечки ресурси), се состана во следниот состав:

1. Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
2. Проф. д-р Мирјана Алексова, член
3. М-р Даниела Стефаноска, член

Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа “ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ”, Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот м-р Билјана Санев и го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци**

Од биографијата што е приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот м-р Билјана Санев е родена на 01.02.1977 година во Скопје. Основното и средното образование го завршува во Скопје, а по завршување на средното училиште се запишува на Правен Факултет “Јустинијан Први” при Универзитетот Св .Кирил и Методиј во Скопје, на насока – Политички студии и успешно го завршува во 2000 година и со тоа се стекнува со стручен назив дипломиран политиколог (Bachelor of Art).

Во 2008 година се запишува на после дипломските студии на Универзитетски институт Курт Бош (претставуван од New York College во Грција), каде што ги полага сите предвидени испити по што изработува магистерски труд на тема “Организациско однесување и неговото влијание врз корпоративната култура”. По одбраната на магистерскиот труд во Ноември 2010 година се стекнува со научен степен Магистер по бизнис администрација со специјализација по Менаџмент за човечки ресурси (Master of Arts).

Како дел од својот континуиран личен и професионален развој има завршено Когнитивен бихевиорални коучинг во Синергија Едукативен Центар, Белград - Србија, како и сертифицирана програма - Лондонска школа за односи со јавност во Скопје.

Во текот на целиот животен период вложува во континуирано учење преку активно учество на конференции, семинари и обуки како активен слушател или предавач во земјата како и на меѓународно ниво.

**Наставно образовна и научно истражувачка дејност**

Кандидатот м-р Билјана Санев својата истражувачка дејност ја започнува најпрво како студент при изработки на семинарски трудови како и проекти на додипломски студии, а потоа со истражување и подготовка на научно истражувачки труд на тема "Организациско однесување и неговото влијание врз корпоративната култура" како завршен труд на после дипломските студии.

Во летото 2010 година како стипендист на US State Department е на меѓународна лидерска програма во Соединетите Американска Држави од областа на менаџмент на човечки ресурси и пазар на труд која успешно ја завршува со доделен сертификат.

Во 2009 година е основач и член на Управен одбор на Македонската Асоцијација за човечки ресурси. Во овој период учествува на повеќе истражувања и проекти. Воедно, активно дава стручен придонес и учествува во организација на професионални настани, конференции, семинари и обуки како во земјата така и на меѓународно ниво.

Во периодот од 2019 до 2021 година е член на Управен одбор на Македонската Американ Алумни Асоцијација, а од 2022 и сеуште е член на Надзорен одбор на Македонската американ Алумни Асоцијација. Во текот на овој период стручно придонесува во зајакнување на врските помеѓу Северна Македонија и Америка преку промовирање на билатерална соработка пред се во областа на едукација, култура и уметност, како и во делот на поддршка на организациите и граѓаните преку споделување на соодветни искуства и знаења и градење на мостови на општествени вредности.

Во текот на целиот професионален развој пишува статии, колумни и дава интервјуа во реномирани пишани и виртуелни медиуми.

**Стручно апликативна и организациско – развојна дејност**

Својот професионален развој и кариера ја започнува во 2000 година во нотарска канцеларија за набрзо потоа од 2002 година да се вработи во Стопанска банка АД-Скопје, членка на Националната банка на Грција (NBG), во Секторот за човечки ресурси. Согласно постигнатите резултати и професионален успех, од 2006 година се именува за Директор на Дирекција за административно – кадровски

работи, а од 2012 се унапредува и именува на позиција Директор на Дирекција за бизнис партнери од областа на човечки ресурси.

Од 2022 година својата кариера ја продолжува во Шпаркасе Банка Скопје, членка на Steiermärkische Sparkasse – Австрија. на позиција Директор на Дирекција за човечки ресурси. Во овој период Банката постигнува одлични бизнис резултати, се гради корпоративна култура на доверба, партнерство и извонредност каде секој тим и поединец е препознаен и награден.

Од 2025 година работи како Консултант од областа на менаџмент за човечки ресурси (HR), односи со јавност (PR) и комуникации, како одржливост (ESG).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот, м-р Билјана Санев има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот м-р Билјана Санев ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избран во наставно звање ПРЕДАВАЧ од научна област Менаџмент и бизнис и Друго (Менаџмент за човечки ресурси), на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ".
Имајќи го предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија му предлага на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ", кандидатот м-р Билјана Санев да ја избере во наставно звање ПРЕДАВАЧ од научна област Менаџмент и бизнис и Друго (Менаџмент за човечки ресурси), на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ".

Рецензиона Комисија
Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
Проф д-р Мирјана Алексова, член
м-р Даниела Стефаноска, член

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ НА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА ОД НАУЧНО ПОЛЕ ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС И НАУЧНА ОБЛАСТ ДРУГО (БИЗНИС АДМИНИСТРАЦИЈА) НА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 03.01.2025 година, по пријавата на д-р Берат Дехари за избор во наставно звање ПРЕДАВАЧ од научно поле Економија и бизнис и научна област Друго (Бизнис администрација), се состана во следниот состав:

1. Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
2. Проф. д-р Мирјана Алексова, член
3. М-р Даниела Стефаноска, член

Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот д-р Берат Дехари и го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Од автобиографијата што е приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот д-р Берат Дехари е роден на 03.01.1982 година во Гостивар. Основното обрзование го завршил во Гостивар. Средното образование го завршил во Тетово во стручното училиште Моша Пијаде со континуирано одличен успех. По завршување на средното училиште, во 2001 година се запишува на Правен факултет при Универзитетот на Југоисточна Европа на отсек Кривично право и по четири години успешно ги завршува со просек 8.46. Во 2012 година се запишува на последипломски студии на првниот факултет на отсек криминологија и детективи на Меѓународниот Универзитет во Струга и успешно ги завршува во 2014 година со просек 8.64 и се стекнува со стручно звање магистер по парвни науки.

Во 2020 година се стекнува со стручен назив доктор на науки по бизнис администрација при успешна одбрана на докторската десертација „Задоволство од работата и однесување на вработените во јавна админстрација: компаративни студии со фокус на финансиска полиција" при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Своето работно искуство го започнува во Јули 2006 година во Владата на Република Македонија, Секретаријат за Европски прашања. Од 2006 до 2008 година оди во Министерството за правда на Република Македонија. Од јануари 2009 до август 2009 ја извршува функцијата Шеф на кабинет на министерот за животна средина и просторно планирање и В.Д. Државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија. Од август 2009 до септември 2011 година, кадидатот е инспектор во Инспекторатот на пазарот при Министерствот за Економија.

Во септември 2011 година е назначен за Заменик директор на Управата за финансиска полиција при Управата за финансиска полиција под Минстерството за финансии каде функцијата ја извршува два последователни мандати, до октомври 2019 година.

Во номеви 2019 година е избран за Заменик генерален директор со мандат од 4 години на јавно претпријатие „Национални пуми" на Република Северна Македонија.

**Наставно образовна и научно истражувачка дејност**

Д-р Берат Дехари својата наставно образовна дејност ја започнува како асистент на Меѓународниот Универзитет во Струга по предметите: Кривично право, Криминологија и практични часови во 2013 година.

Во текот на 2015 година е асистент по практична настава во Меѓународниот универзитет „Визион" во Гостивар.

**Список на објавени научни трудови**

1. Д-р Берат Дехари, д-р Илбер Села (2022), Перењепари во банкарството, ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, vol. 6 No.11, pp.57-65, Европски унверзитет Скопје
2. Д-р Берат Дехари, Правно регулирање на природни монополи (2022), ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, vol. 6 No. 11, pp. 67-75, Европски универзитет Скопје
3. PhD Berat Dehari (2019), Analyzing Macedonian employees work motivation using The Herzberg's motivation-hygiene theory, Academic Journal of Business, Administration, Law and Social Science, vol. 5 No. 2, pp. 42-50, IIPCCL Publishing, Graz-Austria
4. PhD Berat Dehari (2019), Entrepreneurship in the Macedonian business environment, XV International May Conference on Strategic Management – IMCSM19, Vol. XV, Issue (1), pp.227-238m Bor, Slovenia

**Стручно апликативна и организациско – развојна дејност**

Значајно е да се обележи учеството на кандидатот на истакнатите меѓународни и домашни конференции, семинари и работилници:

1. 10.12.2013 година – положен правосуден испит при министерството за правда на Република Македонија
2. Септември 2015 година положен нотарски испит при министерството за правда на Република Македонија
3. Март – јули 2012 година сертификат за завршена Петта политичка академија за социјална демократија
4. 3 – 7 декември 2012 година сефртификат од „Централноевропскиот универзитет" за учество на семинарот за Човекови права – Букурешт
5. Од февруари до ноември 2011 година учество на серија семинари и работилници спроведени од страна на министтерството за правда на Република Македонија за развој на капацитетите на млади политичари
6. Мај 2006 година учество на обука за откривање и испитување на фалсификувани картички за валута и плаќање на Соединетите Американски држави, обука одржана од Тајната служба на САД
7. Октомври 2008 година, Работилници при Академијата за обуки на судии и јавни обвинители и нивните заменици на Република Македонија на тема: Перење на пари, Релевантвност на судиите и донесување на Акт на криминал.
8. 2009 година – учество на Climate коннференција за промени во Јужна Кореа
9. Во периодот април – мај 2019 година учество на IVLP

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот, д-р Берат Дехари има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Берат Дехари ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избран во наставно звање предавач во научно поле Економија и бизнис и научна област Друго (Бизнис администрација) на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје".

Имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија му предлага на Наставничкиот совет на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје" кандидатот д-р Берат Дехари да го избере наставник во звање предавач во научно поле Економија и бизнис и научна област Друго (Бизнис администрација).

Рецензиона Комисија
Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
Проф. д-р Мирјана Алексова, член
м-р Даниела Стефаноска, член

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ ВО ОБЛАСТ ПРИВАТНА И КОРПОРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ, ИНТЕГРАЛНА БЕЗБЕДНОСТ, МЕЃУНАРОДНА БЕЗБЕДНОСТ, БЕЗБЕДНОСЕН МЕНАЏМЕНТ, МЕНАЏИРАЊЕ НА РИЗИЦИ И ДРУГО (КИБЕР БЕЗБЕДНОСТ) НА ПРИВАТНАТА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА – ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ", Рецензионата комисија на седница одржана на 03.01.2025 година, по пријавата на д-р Зоран Иванов за избор во наставно звање ПРЕДАВАЧ од научно поле Други општествени науки и научни области Приватна и корпоративна безбедност, Интегрална безбедност, Меѓународна безбедност, Безбедносен менаџмент, Менаџирање на ризици и Друго (Кибер безбедност) се состана во следниот состав:

1. Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
2. Проф. д-р Мирјана Алексова, член
3. М-р Даниела Стефаноска, член

Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот д-р Зоран Иванов и го поднесува следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Од биографијата што е приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот д-р Зоран Иванов е роден на 31.07.1972 година во Скопје. Основното и средното образование го завршува во Скопје, а по завршување на средното училиште се запишува на воена АКАДЕМИЈА „Генерал Михаило Апостолски" при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (придружна членка), и успешно ја завршува во 1999 година и со тоа се стекнува со стручен назив пешадиски офицер. Во 2011 година се стекнува со стручнен назив магистер во воени уметности и наука (Master of Military Art and Science), од Колеџот за команда и генералштаб, Фот. Левенворт, К.С., САД. Академската титула доктор на науки ги стекнва во Македонија во 2015 година по завршување и одбрана на докторската десертација при Институтот за национална безбедност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на

тема „Историјата на безбедносната динамика на Западен Балкан и неговата безбедносна средина во периодот од 1991 до 2010 година“.

Во текот на целиот животен период вложува во континуирано учење преку активно учество на конференции, семинари и обуки како активен слушател или предавач во земјата како и на меѓународно ниво.

**Наставно образовна и научно истражувачка дејност**

Кандидатот д-р Зоран Иванов својата истражувачка дејност ја започнува најпрво како студент при изработки на семинарски трудови како и проекти на додипломски студии.
Д-р Зоран Иванов е истакнат асистент професор на Економскиот и технолошкиот универзитет ТОББ во Анкара, Турција, (https://akademik.yok.gov.tr/AkademikArama/view/viewAuthor.jsp) и Програм Менаџер на Ринк Институтот во Љубљана, Словенија (https://rink-institute.com/management.php). Тој, исто така, има позиција како дополнителен член на факултетот на Државниот универзитет во Аризона и Директор на Центарот за Балкански Студии во Тепав, Анкара (https://tepav.org.tr/en/ekibimiz/s/1415).

Во текот на целиот професионален развој пишува статии, колумни и дава интервјуа во реномирани пишани и виртуелни медиуми.

1. Challenges in combating terrorism: Macedonian perspective – Slovenian Armed Forces Bulletin, September 2008.
2. Forth Generation of Warfare and interagency cooperation and coordination in combating terrorism: Macedonian experience – Slovenian Armed Forces Bulletin, March 2010
3. Operational Design: A tool for successful military planning, Summer Campus, Military Academy Skopje,
4. Mission command: The effective response to challenges in leading future operations, Military Academy, Skopje
5. Cooperation and Coordinating challenges in intelligence sharing process, Slovenian Armed Forces Bulletin, April 2014
6. Ukraine conflict: Conflict of Perceptions, Nova Makedonija, December 2022,
7. Visious circle, Nova Makedonija, December 2022
8. Changing the character of proxy warfare and its consequences on geopolitical relationships, Security and Defence Quaterly, War Studies University, Poland 2019
9. The Crisis of International Liberal Order and Status of the Small States: The case of Republic Macednia and Republic North Macedonia, Journal of International Crimes and History/ International Crimes (2021) 161-192.

10. The Black Sea Power Struggle: Geopolitical Tensions in the 21st Century - Connection Journal from George Marshal Center in Garmisch-Partenkirchen, Germany, (2024)
11. Intelligence Challenges in Contemporary Geopolitical Discourse - Global Journal of Human Science DOI: 10.17406/GJHSS (2023) https://globaljournals.org/images/brochure/GJHSS.pdf)
12. The EU - Western Balkans Enlargement Process Deadlock: The Role Of Perceptions, Stabilitocracy, And Recommendations - Journal of International Crime and History (2023)
13. Can the Western Balkans keep up with the multispeed EU? (2023) – Daily Sabah https://www.dailysabah.com/opinion/op-ed/can-the-western-balkans-keep-up-with-the-multispeed-eu
14. Western Balkans in a leaderless world disorder(2023) – Daily Sabah *https://www.dailysabah.com/opinion/op-ed/western-balkans-in-a-leaderless-world-disorder*
15. Is Kosovo-Serbia Normalization A Pipedream? (2023) – Daily Sabah https://www.dailysabah.com/opinion/op-ed/is-kosovo-serbia-normalization-a-pipedream
16. Ineffective Emergency Responses: An indicator of disorganized and frail emergency management system (2024) – RINK Institute, Ljubljana, Slovenia - *https://rink-institute.com/post.php?id=35*
17. It is an Emergency: It is not a Crisis (Yet) (2024) – RINK Institute - *https://rink-institute.com/post.php?id=32*
18. What Would Victory And Defeat In The Ongoing War In Ukraine Mean? (2023) – RINK Instittute - *https://rink-institute.com/post.php?id=31*
19. Weakness of Macedonian Security and Intelligence System – Part 1 (2024) – Express MK, - https://www.expres.mk/кои-се-слабостите-на-македонскиот-раз/
20. Weakness of Macedonian Security and Intelligence System – Part 2 (2024) – Express MK, https://www.expres.mk/слабости-на-македонскиот-разузнавач/
21. Weakness of Macedonian Security and Intelligence System – Part 3 (2024) – Express MK, https://www.expres.mk/слабости-на-разузнавачко-безбедносн/
22. Kosovo (Un)avoidable Conflict (2023) – Express MK, - https://www.expres.mk/kosovo-vo-2023-neizbezhen-konflikt-pishuva-zoran-ivanov/
23. Geopolitical Infinite Game (2023) – Express MK - https://www.expres.mk/analiza-geopolitikata-e-beskonechna-igra-pishuva-zoran-ivanov/
24. Ukraine: Conflict of Perceptions (2021) – Express MK, - https://www.expres.mk/ukraina-konflikt-na-percepcii-pishuva-profesor-zoran-ivanov/

**Стручно апликативна и организациско – развојна дејност**

Со над 25 години искуство во разузнавачки и воени операции, д-р Зоран Иванов е искусен експерт за организациска стратегија, меѓународна и регионална безбедност, одлучување и креирање политики. Неговата значајна кариера вклучува служење како директор на Агенцијата за разузнавање на Република Македонија и како воен офицер во Македонските специјални сили и воена разузнавачка служба. Неговите напори се инструментални за започнување на заеднички конференции на стратешко ниво и зајакнување на регионалната соработка во одбраната и безбедноста. Водечките улоги на д-р Иванов се клучни во обликувањето на неговата кариера и неговиот придонес во оваа област. Кандидатот д-р Зоран Иванов има импресивно досие на лидерство повеќе од 19 години, водејќи ги воените и владините организации низ сложени реструктуирања во предизвикувачки политички и безбедносни средини. Како признание за неговата исклучителна служба, тој беше награден со медал бронзена ѕвезда од Армијата на САД за неговиот придонес за време на операцијата „Слобода на Ирак“ во 2008 година.

Кандидатот д-р Зоран Иванов се фокусира на академските определби по доброволното деактивирање од македонската армија во јули 2019 година. Во текот на неговата кариера, има објавено бројни рецензирани статии, конференциски трудови/презентации и анализи за современи прашања во неговите области на експертиза. Неговите истражувачки интереси вклучуваат организациска теорија, креирање политики и развој на национална и воена стратегија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот, д-р Зоран Иванов има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Зоран Иванов ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избран во наставно звање ПРЕДАВАЧ од научно поле Други општествени науки и научни области Приватна и корпоративна безбедност, Интегрална безбедност, Меѓународна безбедност, Безбедносен менаџмент, Менаџирање на ризици и Друго (Кибер безбедност) на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ".

Имајќи го предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија му предлага на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ", кандидатот д-р Зоран Иванов да го избере во наставно звање ПРЕДАВАЧ од научно поле Други општествени науки и научни области Приватна и корпоративна безбедност, Интегрална безбедност, Меѓународна безбедност, Безбедносен менаџмент, Менаџирање на ризици и Друго (Кибер безбедност) на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ".

Рецензиона Комисија
Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
Проф д-р Мирјана Алексова, член
М-р Даниела Стефаноска, член

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ НА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА ВО ОБЛАСТ ЕКОНОМИЈА, МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС И ФИНАНСИИ НА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 03.01.2025 година, по пријавата на м-р Тања Н. Тренески за избор во наставно звање ПРЕДАВАЧ од научно поле Економија и бизнис и научна област Економија, Менаџмент и бизнис и Финансии, се состана во следниот состав:

1. Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
2. Проф. д-р Мирјана Алексова, член
3. М-р Даниела Стефаноска, член

Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот м-р Тања Н. Тренески и го поднесува следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Од автобиографијата што е приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот м-р Тања Н. Тренески е родена на 21.07.1987 година во Охрид. Основното обрзование го завршила во Кичево. Средното образование го завршила исто така во Кичево со континуирано одличен успех. По завршување на средното училиште се запишува на Економски Факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насока – менџмент и успешно го завршува во 2010 година и со тоа се стекнува со стручен назив дипломиран економист.

Во 2019 година, се запишува на последипломските студии на ПВПУ Еуро Колеџ - Куманово, каде што ги полага сите предвидени испити по што изработува магистерски труд на тема "Аспекти на менаџирањето со промени – предизвици во организациите со жени менаџери во Република Северна Македонија"

Од септември 2007 година до ноември 2010 година, м-р Тања Н. Тренескии работи како помлад сметководител во приватна компанија за сметководство и ревизија Наумоски ДООЕЛ. Од декември 2010 година до денес м-р Тања Н. Тренески е сопственик на компанија за сметководствени услуги Тео-консалтинг ДООЕЛ каде работи како овластен сметководител.

Од јануари 2016 година до денес, м-р Тања Н. Тренескии е надворешен сметководствен соработник на првата независна македонска „Академија за банкарство и информатичка технологија – АБИТ“ од Скопје.

Во декември 2023 година успешно ја завршува едногодишната специјализација за Сертифициран Контролер, при што се стекна со назив Certified Controller.

**Наставно образовна и научно истражувачка дејност**

М-р Тања Н. Тренески својата истражувачка дејност ја започнува најпрво со истражување и подготовка на научно истражувачки труд на тема "Аспекти на менаџирањето со промени – предизвици во организациите со жени менаџери во Република Северна Македонија" како магистерски труд. Од јануари 2017 година до август 2018 како вработена во првата независна македонска "Академија за банкарство и информатичка технологија" е помошник-уредник на трудови во стручно-научно меѓународно списание за финансии „е-Банкар“.

**Стручно апликативна и организациско – развојна дејност**

Значајно е да се обележи учеството на кандидатот на истакнатите меѓународни и домашни конференции, семинари и работилници за сметководство, финансии и банкарство од земјите членки на ЕУ и пошироко:

1. На 01 Март 2016 Скопје, учество на специјалистички семинар на тема "Conventional and emerging forms of financing of SMEs and micro – entreprises" со Shmuel Vaknin од Израел;
2. На 04 Март 2016 Скопје, учество на специјалистички семинар на тема "Monetary policy and dollarized economy" со Majkl Faulend од Хрватска;
3. На 04 Ноември 2016 Скопје, учество на специјалистички семинар на тема "Compliance and Whistleblowing in Institutions" со експерти од Македонија и Израел;
4. На 20 Април 2017 Скопје, учесник на меѓународна конференција на International group of controlling – IGC;
5. На 30 мај и 01 јуни 2017 Скопје, Учество на деветата меѓународна конференција за човечки ресурси на тема "The best HR solutions for facing challenges in fast growing indistries";
6. На 26 Октомври 2017 година Скопје, учесник на специјалистички семинар на тема "IFRS 9" со Ivan Shverko од Хрватска;
7. На 07 Ноември 2017 година Скопје, учесник на првата меѓународна конференција за спречување на перење пари (AML) и финансирање на тероризам (CFT) на тема: „Примена на иновативни практики во AML & CFT“;
8. На 29 и 30 Ноември 2017 Скопје, учество на меѓународна конференција на OSCE Mission to Skopje на тема "Enhancing South-Eastern Europe regional co-operation in combating financial crimes, with focus on money laundering and financing terrorism issues";

9. На 01 Февруари 2018 година Скопје, учесник на меѓународна конференција за Controlling, на тема: „International standards in controlling - implementation in practice“.
10. 24 јуни 2020 година, активно учество на 3та конференција за контролинг на тема „Ефективен, оперативен и стратешки контролинг во време на корона криза“;
11. На 9 јуни 2021 година, учество на 4та меѓународна конференција тема: „Контролинг конференција - успешна трансформација со контролинг“;
12. На 28 јуни 2022 година учество на 5та меѓународна контролинг конференција на тема „Предизвици во контролингот: одржливост, нови бизнис модели, трансформација и криза„.

Покрај учеството на големи меѓународни и домашни конференции и семинари, кадидатот има земено активно учество и на банкарски, менаџерски и бизнис семинари и работилници, каде апликативно го покажува и зајакнува своето знаење.

м-р Тања Н. Тренески активно учествува на годишни и квартални работилници од областа на сметководство, финансии и ревизија како и од областа на спречување на перење на пари и финансирање на тероризам.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот, м-р Тања Н. Тренески има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот м-р Тања Н. Тренески ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избрана во наставно звање предавач во област Економија, Менаџмент и бизнис и Финансии на Висока стручна школа “Хајделберг факултет во Скопје”.

Имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија му предлага на Наставничкиот совет на Висока стручна школа “Хајделберг факултет во Скопје” кандидатот м-р Тања Н. Тренески да ја избере наставник во звање ПРЕДАВАЧ во област Економија, Менаџмент и бизнис и Финансии.

Рецензиона Комисија
Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
Проф. д-р Мирјана Алексова, член
м-р Даниела Стефаноска, член